**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 29/22**
03/02/2022 година
Неготино

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ" број 43/14...248/18), а в.в. член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Сл.весник на РМ" број 74/15, број 120/18), Претседателот на Основен суд Неготино на ден 03/02/2022 година објавува :

**ЈАВЕН ОГЛАС број 2/22**

**за вработување на судски службеник на определено време до 31.12.2022 година за следното работно место**

**СУДСКИ СОРАБОТНИК, категорија „В" ниво 3 1 (еден) извршител**

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ – потребни стручни квалификации и компетенции:**

- најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен правен факултет VII/1 и положен правосуден испит
- најмалку 1 (една) година работно искуство во струката (по положен правосуден испит)
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Основна (нето) плата за работното место:**
- 25.696,00 (дваесет и пет илјади шестотини деведесет и шест) денари

Покрај посебните услови, кандидатите потребно е да ги исполнуваат и следните
**ОПШТИ УСЛОВИ**:
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

**Останати права и должности**:
- работни часа неделно: 40
- работни денови: од понеделник до петок
- работно време: од 07,30 до 15,30 часот
- дневна пауза: од 11,00 до 11,30 часот

Пријавата за вработување може да се подигне од приемна писарница во судот или од веб-страната на судот: http://www.osnegotino.mk/

Пополнетата пријава со докази за исполнување на општите и посебните услови во оригинал или копија заверена на нотар, се доставуваат преку приемната писарница во судот или по пошта на адреса:

Основен суд Неготино ул.„Маршал Тито" број 84 Неготино
со назнака „за Јавен оглас бр.1/22"

Рокот за пријавување е **3 работни дена** по денот на последното објавување во дневен весник (без да се смета денот на објавување).

Ненавремена, нецелосна, неуредно пополнета пријава или пријава во која се внесени лажни податоци, нема да се разгледува.

Изборот ќе се изврши најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување.

**ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**